Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 март 2023 година**

**Скопје, март 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 март 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија, што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 16:35 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, Кернар Лога, министер за правда, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар во Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии.

На седницата учествуваше и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација.

*
*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Кадровски прашања

2. Прашања и предлози

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

По однос на оваа точка немаше предлози.

**Точка 2**

Владата го донесе Решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за употреба на имињата на личности

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:40 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**